СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.




# Не сте безбедни, ова е небезбедна држава, се огласи новинарот Зоран Божиновски за нападот, а реагираа и партиите

М.Д.
Пред 2 месеци



Зоран Божиновски/Фото: Фејсбук

Новинарот Зоран Божиновски кој синоќа беше претепан во Битола од страна на неколку маскирани лица, се огласи преку социјалните мрежи за нападот:

**Добиј ги најважните вести, бесплатно на Viber**

> – Не знам колку треба да сум лош, непријатен, контроверзен, надвор од пропишаните правила на игра од играчи на македонското медиумско небо кои секогаш се исправени пред дилема дали … и премолчат оти тој и тој им плаќа … а бидам брутално нападнат пред … каде живеам... Жив сум, со повреди




ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ

1 Дигиталното лице на војната (1)



2 Ветингот и реформите во правосудството – обединувачка платформа

3 СЛЕДЕТЕ ВО ЖИВО: Денешниот УТРИНСКИ ПЕЧАТ од 9 часот е во тек

4 Мундијал што го круниса најголемиот – Лионел Меси!

5 КУРСНА ЛИСТА НА НБРСМ: Колку чини еврото денес?

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ ВЕСТИ

ОД АВТОРИТЕ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

> **кои ќе поминат, семејството ми е вознемирено и потресено, на станарите од десетина станбени згради во моето соседство синоќа им е испратена порака: „не сте безбедни, ова е небезбедна држава, секој може да ве начека пред вашиот влез и да ве претепа, не очекувајте подобро од ова!“. Јас ќе продолжам по патот кој го одам од мај 1999 година, кога ме предизвикаа вака да се однесувам како што се однесувам, напиша Божиновски на Фејсбук.**

Зоран Буревесник Божиновски
about 2 months ago



ПРЕЖИВЕАВ

Не знам колку треба да сум лош, непријатен, контроверзен, надвор од пропишаните правила на игра од играчи на македонското медиумско небо кои секогаш се исправени пред дилема ДАЛИ ДА ОБЈАВАТ ИЛИ ПРЕМОЛЧАТ ОТИ ТОЈ И ТОЈ ИМ ПЛАЌА РЕКЛАМА, па да бидам брутално нападнат пред зградата во која живеам...

За мојата медиумска заедница која мене ме слави, па не ме слави, зависно од периодот кога тоа е курентно (како во време кога се рушеше режимот на ЧУДОВИШТЕТО!), јас сум во ... See more

1K 275 59

Новинарската фела од ЗНМ и ССНМ не испрати реакција за нападот врз Божиновски, но реагираа партиите Алијанса за Албанците и Демократскиот Сојуз.

> **– Демократскиот сојуз најостро го осудува крвничкото претепување на сопственикот на порталот „Буревесник“, Зоран Божиновски. ... ваквиот мафијашки начин на ... сериозно го нарушува правниот ... безбедноста на новинарите и граѓаните.**



> **Демократскиот сојуз инсистира на брза реакција од МВР и откривање на нарачателите и извршителите на овој насилничко – криминален акт. На Божиновски му посакуваме побрзо закрепнување, стои во соопштението од ДС.**

АА пак побара најстрого да се казнат нападите врз медиумските работници.

> **– Секој вид на насилство кон медиумските работници, било вербален или физички напад, претставува повреда на слободата на информацијата и правото на информирање и како таков, на самата демократија. Станува уште понедозволиво кога ваквите напади се насочени кон новинарите коишто ја покриваат корупцијата од високо ниво и коишто имаат откриено злоупотреби во највисоките државни функции. Одговорните за ваквите напади мора да се идентификуваат и да бидат најстрого казнети!, реагира Алијанса за Албанците.**


## СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. Е-БИЛТЕН

НЕ ГУБИ ВРЕМЕ! ЗАЧЛЕНИ СЕ И ДОБИЈ ГИ НАЈВАЖНИТЕ
ВЕСТИ НА НЕДЕЛАТА - БЕСПЛАТНО ВО ТВОЈАТА Е-ПОШТА!

ВНЕСИ ЈА ТВОЈАТА Е-МАИЛ АДРЕСА ТУКА

КЛИКНИ ТУКА И РЕГИСТРИРАЈ СЕ БЕСПЛАТНО

☐ СЕ СОГЛАСУВАМ СО ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ

